Согласно член 416 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, а со цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Македонија, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на 18-та седница одржана на 20 Февруари 2015 година, донесе:

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА РСБСП ЗА 2015 ГОДИНА

**Вовед:**

Програмата за работа на РСБСП за 2015 година е во согласност со целите и задачите предвидени со Втората националната стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата ( 2015 - 2020 ) и истата е во функција на реализација на нејзините краткоточни и долгорочни цели, нејзината визија и нејзината мисија. Воедно, оваа програма е во согласност со Акциониот план за нејзина имплементација.

Програмата за работа на РСБСП за 2015 година предвидува реализација на голем број значајни проекти и активности и тоа: активности за промоција, афирмација и имплементација на Втората национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015-2020 година, активности од едукативно - образовен карактер, научно – истражувачки активности, продукција и емитување на ТВ емисија за сообраќајот “Сообраќајна хроника”, која ќе се емитува четири пати месечно заклучно со месец Март 2015 година, а во копродукција со Македонска радио телевизија, организирање на стручни советувања и семинари, активности за подигање на јавната свест за правилно и одговорно однесување во сообраќајот, активности за продолжување и засилување на успешната соработка со останатите партнери и институции кои имаат за цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и реализација на мерките од Втората национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата (2015-2020).

Сите активности кои ќе бидат реализирани во 2015 година се поделени во повеќе главни групи и тоа:

- Активности кои ќе се реализираат со подршка на Комисијата за сообраќајно техничко- воспитание и обрзование на децата, младите и возрасните учесници во сообраќајот;
- Активности кои ќе се реализираат со подршка на Комисијата за информирање и маркетинг;
- Активности кои ќе се реализираат со подршка на Комисијата за следење и примена на научните достигнувања во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата;
- Активности кои ќе се реализираат во согласност со препораките на Комисијата за следење на имплементација на Втората национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата(2015 – 2020);
- Активности кои ќе се реализираат во согласност со препораките на Комисијата за соработка со невладини организации;
- Тековни- оперативни активности;

Сите овие активности ќе се реализираат во согласност и со подршка од Комисијата за финансирање на активностите и распределба на финансиските средства , како и во соработка и со подршка од надлежните институции и организации и останатите партнери.

Преглед на предвидени активности за 2015 година:
* Поважните активност се болдирани

| Реден број | Активност | Опис на активност | Цел на Активност | Реализација | Период | Очекувани резултати од активноста |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Во согласност со ЗБПС и остварувањето на целите од НС | **Организирање и реализирање на седниците на РСБСП** | Реализација на програмските активности на РСБСП | Разгледување на тековните задачи на РСБСП за реализирање на Програмата за работа за 2015 година ,како и разгледување на конкретни иницијативи, предлози и прашања во врска со постигнување на целите од Втората национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата (2015 – 2020) | Во зависност од потребите за реализација на утврдените активности предвидени со Програмата за работа на РСБСП за 2015 година | Ефикасно реализирање на програмските активности на РСБСП и координиран и организиран пристап во имплементацијата на Втората националната стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата (2015 – 2020) |
| **1.1** | Во согласност со целите на НС | **Организирање и реализирање на седниците на Комисите при РСБСП** | Реализација на програмските активности на РСБСП преку покренување на конкретни иницијативи од Комисиите до РСБСП | Успешно реализирање на програмските активности на РСБСП и Комисиите, како и разгледување на тековните предлози и прашања во врска со реализирањето на програмските активности на РСБСП | Во зависност од потребите за реализација на утврдените активности а најмалку еднаш месечно | Ефикасно реализирање на Програмата за работа на РСБСП и Комисиите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2** | Во согласност со целите на НС | Активности за **промоција, печатење, афирмација и дистрибуирање на Втората национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015-2020** | Промоција и афирмација на Втората национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015-2020 | **Одржување на јавни настапи, настани и манифестации и директна комуникација со сите релевантни институции и партнери**<br>**кои имаат влијание врз безбедноста на сообраќајот на патиштата** | Во текот на 2015 | Промоција на целите, мерките и инструментите за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата предвидени во Втората национална стратегија на РепубликаМакедонија и поттикнување на нејзината имплементација |
| **3.** | Согласно одлуката на ВРМ и целите од НС | Стручна подршка на работата на **Координативнотот тело на Владата на Република Македонија за спроведување на Втората национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015 - 2020** | Имплементацијата на Втората Национална Стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015-2020 преку подобра координација и зголемување на активностите на сите органи, институции и организации надлежни за нејзина имплементација | **Изготвување на квартални извештаи за реализираните активности на РСБСП** и Засилување на активностите за имплементација на Втората национална стратегија како и подобрување на нивна усогласеност со активностите на останатите надлежни институции | Во текот на 2015 | Зголемување на усогласеноста на надлежните институции во областа на безбедноста на сообраќајот и реализирање на активностите за импементација на Втората национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015 – 2020 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | Во врска со точка 2.11.3. и 2.11.4. од НС | **Активности на РСБСП за промоција и умножување на Activete Report – Бела книга 2011 – 2015** | Транспарнтно презентирање на сите поважни активности реализирани од РСБСП во изминатиот четиригодишен период | Одржување на јавни настапи, настани и манифестации и директна комуникација со сите релевантни институции и партнери<br>кои имаат влијание врз безбедноста на сообраќајот на патиштата | Во текот на 2015 | Подигање на јавната свест за важноста на превентивно дејствување на безбедноста во сообраќајот и презентирање на улогата и значењето на РСБСП во тоа дејствување |
| **5.** | Во согласност со целите на НС и точка 2.7. и 2.9. | **Изработка на документарен филм за унапредување на системот на Post crush интервенциите за учество на Четвртиот глобален филмски фестивал за безбедност на сообраќајотво Мароко** | Подобрување на ефикасноста и квалитетот на Post crush интервенциите | Изработка на документарен филм за учество на Четврт глобален филмски фестивал за безбедност на сообраќајот на патиштата | Февруари 2015 | Намалување на бројот на загинати и повредени од сообраќајни несреќи преку подобрување на ефикасноста на дејствување на службите за брза интервенција по случена сообраќајна несреќа |
| **6.** | Во врска со точка 2.5 и 2.9 од НС | Активности на РСБСП во соработка со МОН преку Комисијата за образование во **организација на сообраќајни манифестаци и активности од образовно - едукативен карактер** поврзани со учениците од основните и средните училишта | Подобрување на безбедноста на сообраќајот преку едукација и запознавање на децата и младите со основните правила во сообраќајот на начин прифатлив за нив | Учество во реализација на:<br>- **Детски семафор**<br>- **Сообраќајно -техничка култура на младите** | Март, Април и Мај 2015 | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку образовно-едукативни активности со посебен ацент на подобрување на безбедноста на децата-учениците како учесници во сообраќајот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **7.** | Во врска со точка 1.5.1. и 2.9. од НС | Активности на РСБСП преку Комисијата за образование и Комисијата за наука за **изготвување на сообраќајно едукативни содржини наменети за децата од градинките и учениците од основните училишта** во соработка со Детска Радост – Просветно дело | Континуирана сообраќајна едукација на децата и учениците од основните училишта и создавање на сообраќајна култура и етика која долгорочно ќе ја подобри безбедноста во сообраќајот | Изготвување на сообраќајно едукативни содржини кои ќе бидат составен дел од списанијата за деца и млади (Росица,Другарче,Развигор,Наш Свет ) издадени од редакцијата на ДЕТСКА РАДОСТ при ПРОСВЕТНО ДЕЛО | Континуирано во текот на 2015 | Подобрување на безбедноста на децата во сообраќајот преку континуирана сообраќајна едукација |
| **8.** | Во врска со точка 1.5.1. и 2.9. од НС | Активности на РСБСП преку Комисијата за образование и Комисијата за наука за **изготвување и дистрибуција на сообраќајно едукативен прирачник** за учениците од основните и средните училишта | Зголемување на сообраќајната едукација кај децата и младите и обезбедување на соодветна сообраќајна литература | Изготвување на **Прирачник за запознавање со основните правила и прописи во сообраќајот** | Јуни – Јули 2015 | Унапредување на сообраќајната едукација и подобрување на безбедноста на децата и младите во сообраќајот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **9.** | Во согласност со целите на НС и точка 2.9. | **Активности за обезбедување на партнери – финансиски подржувачи и активности за организирање и реализирање на ТВ емисии за афирмација на безбедноста на сообраќајот**, во соработка со МВР, и МТВ. | Континуитана едукација и информирање за предизвици од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата | Организирање и реализирање на **ТВ емисија „Сообраќајна Хроника„** | Континуирано по четири пати месечно ( еднаш неделно) заклучно со Февруари 2015 со можност за продолжување | Афирмирање и подобрување на знаењата во областа на безбедноста на сообраќајот |
| **10.** | Во согласност со целите на НС и во врска со точка 1.5.1. и 2.9. од НС | Реализација на **кампања за унапредување на безбедноста на пешаците во сообраќајот** во соработка со МВР, МОН, ЗЕЛС и останати партнери | Подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество на пешаците во сообраќајот и подигање на јавната свест за почитување на пешаците како рамноправни учесници во сообраќајот | Организирање и реализација на кампања за подобрување на безбедноста на пешаците во сообраќајот | Април 2015 | Намалување на бројот на сообраќајни несреки во кои учесници се пешаците а со тоа и намалување на бројот на загинати и повредени пешаци во сообраќајни несреќи |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **11.** | Во согласност со целите на НС | **Организација и реализација на активности за зголемена употреба на сигурносни појаси и кациги со истражување за утврдување на нивото и тенденцијата на нивна употреба** | Следење на нивото и тенденцијата на употреба на опрема за пасивна безбедност ( сигурносни појаси и кациги ) и утврдување на мерки за континуирано дејствување во насока на нивна зголемена употреба | Реализација на научно истражување по метод на набљудување и спроведување на мерки за зголемена употреба на опрема за пасивна безбедност | Континуирано во текот на 2015 | Намалување на бројот на загинати и повредени во сообраќајни несреки ( ПОСЕБНО ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА) преку зголемена употреба на опремата за пасивна безбедност – сигурносни појаси и кациги |
| **12.** | Во согласност со целите на НС и точка 1.5.1 и 1.5.2. | Активности на РСБСП во **одбележување на третата глобална недела на Обединетите Нации за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата на тема: “Децата и нивната безбедност во сообраќајот”** | Подобрување на безбедност на децата во сообраќајот преку зголемена сообраќајна едукација на децата и подигање на свеста кај останати учесници во сообраќајот за внимателно и одговорно учество во сообраќајот | Организација на сообраќајно едукативни активности во градинките и основните училишта и активности за подигање на свеста кај учесниците во сообраќајот за поголема внимателност во сообраќајот на места со зголемена фрекфенција на деца и млади | 4-10 Мај 2015 | Подобрување на безбедноста на децата во сообраќајот преку подигање на јавната свест за внимателно однесување во сообраќајот во близина на места со зголемена фекфенција на децата како и преку сообраќајна едукација на децата |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **13.** | Во согласност со целите на НС и во врска со точка 1.5 од НС | Организирање и спроведување на **кампања за безбедно однесување во сообраќајот за време на матурските вечери,** Во соработка со МОН,МВР и ЗЕЛС . | Подобрување на безбедноста на сообраќајот преку подигнување на свеста за некористење на автомобил во текот на матурските вечери. | Организирање и спроведување на кампања наменета за средношколците -матуранти | Април-Мај 2015 | Намалување на сообраќајните несреки во периодот на одржување на матурските вечери |
| **14.** | Во согласност со целите на НС | Активности за **за продлабочување на соработката со партнерите , здруженија, стручни организации, медиумите и невладиниот сектор** Комисијата за соработка со НВО | Подлабока соработка со партнерите, здруженија, стручни организации, медиумите, невладиниот сектор и сите останати чинители кои можат да придонесат за подобрување на безбедноста во сообраќајот | Реализирање на активности за перманентна комуникација и размена на мислења, идеи и иницијативи | Континуирано во текот на 2015 | Вклучување на медиумите, невладиниот сектор и останатите партнери во активности за подобрување на безбедноста на сообраќајот |
| **15.** | Во согласност со целите на НС и во врска со точка 1.5.3 од НС | Организација на активности за промоција на велосипедизмот и подобрување на безбедност на велосипедистите во сообраќајот | Правилно и одговорно учество на велосипедистите во сообраќајот и почитување на велосипедистите како рамноправни учесници во сообраќајот | Реализација на **Кампања за промоција на велосипедизмот и унапредување на безбедноста на велосипедистите во сообраќајот насловена како: "Мај – Месец на велосипедистите"** | Мај 2015 | Промоција на велосипедизмот како облик на сообраќај и подобрување на безбедноста на велосипедистите како ранлива група на учесници во сообраќајот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **15.1** | Во врска со точка 1.5.3. од НС | Изработка на едукативно-информативни материјали за зголемување на безбедноста на велосипедистите во сообраќајот | Едукација и информирање на велосипедистите за правилно и одговорно однесување во сообраќајот | **Изработка на брошура-прирачник за одговорно учество на велосипедистите во сообраќајот** | Во текот на 2015 | Зголемување на безбедноста на велосипедистите во сообраќајот преку поголема едукација и подобрување на нивното однесување како учесници во сообраќајот |
| **16.** | Во врска со точка 1.6. и 1.7. од НС | Активности на Комисијата за следење на имплементацијата на Втората националната стратегија изразени преку **следење на искуствата, регулативите , и стратешките документи на ЕУ** и утврдување на можности за нивна имплементација преку изготвување на предлози за промени и дополнувања на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата во РМ и на другите закони кои што ја регулираат оваа област | Проучување на европските регулативи и искуства од областа на безбедноста во сообраќајот и утврдување на можностите за нивна имплементација во Република Македонија преку измени и дополнувања на ЗБПС, и останатите закони кои ја регулираат оваа област | **Анализи на европските искуства и нивна имплементација во законите и прописите на Република Македонија** | Во текот на 2015 | Подобрување на безбедноста на сообраќајот со имплементација на нови законски решенија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **17.** | Во согласност со целите на НС | Реализација на научно истражувачки **активности за утврдување на влијанието на сообраќајните казни на однесувањето на учесниците во сообраќајот** | Утврдување на влијанието на сообраќајните казни на безбедноста на сообраќајот на патиштата | Реализација на научно истражување на тема: "Сообраќајните казни како мерка за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата" | Во текот на 2015 | Утврдување на научни резултати како основа за дефинирање на политики,мерки и инструменти за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата |
| **18.** | Во согласност со целите на НС и во врска со точка 1.5 – 2.9 од НС | **Изработка и печатење на сообраќајни табли - "Сообраќајот не е игра" и нивно дистрибуирање до сите основни училишта во Република Македонија** | Подигање на свеста за правилно и одговорно учество во сообраќајот и подобрување на безбедноста на децата во сообраќајот | Изработка , печатење и дистрибуирање на сообраќајни табли - "Сообраќајот не е игра" | Во текот на 2015 | Зголемување на безбедноста на децата во сообраќајот преку подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество во сообраќајот |
| **19.** | Во врска со точка 1.5.4 од НС | **Одбележување на неделата на мотоциклистите** Координирани активности на сите Комисии на РСБСП и останатите субјекти и учесници | Подобрување на безбедноста на мотоциклистите како ранливи групи учесници во сообраќајот | **Кампања за зголемување на безбедноста на мотоциклистите во сообраќајот** | Јуни 2015 | Правилно и одговорно учество на мотоциклистите во сообраќајот, со посебен акцен за зголемена употреба на кацигите и подигање на јавната свеста кај останатите учесници во сообраќајот за поголемо почитување на мотоциклистите како учесници во сообраќајот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **20.** | Во врска со точка 1.7., 1.8. и 2 од НС | Активности на сите Комисиите на РСБСП изразени преку учество во меѓународна соработка | Размена на искуства и промоција на меѓународната соработка во областа на безбеноста на сообраќајот | **Присуство на меѓународни конференции, стручни собири, семинари, советувања и други манифестации во областа на безбедноста на сообраќајот** | Во текот на 2015 | Подобрување на безбедноста во сообраќајот преку размена на искустваи добри практики и преку промовирање на регионален и глобален пристап |
| **21.** | Во врска со точка 2.9. од НС | Спроведување на едукативни и превентивни кампањи, студии, проекти, работилници и советувања. Координирани активности на сите Комисии при РСБСП | Спроведување на кампања за подигање на јавната свест за влијанието на високите летни температури за способноста на управување со моторн возило, на условите на патот и на техничката исправност на возилата насловена како **Летна кампања 2015** | **Изработка и дистрибуција на повеке јазични флаери и плакати на граничните премини, наплатните рампи, бензиски станици, станици за технички преглед на возила и останати пунктови на територијата на РМ. Изготвување на радио пораки со собраќајно едукативни содржини** | Јуни-Август 2015 | Подигнување на јавната свест за влијанието на високите температури врз безбедноста во сообраќајот и укажување на предизвиците врз безбдноста на сообраќајот во текот на летниот период |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **21.1** | | Спроведување на едукативни и превентивни кампањи, студии, проекти, работилници и советувања. Координирани активности на сите Комисии при РСБСП | Реализирање на кампања за подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку намалување на сообраќајниот метеж и зголемена употреба на алтернативни форми на мобилност насловена како Европската недела на мобилност | **Реализирање на активности за промоција на алтернативни форми на мобилност како начин за подобрување на безбедноста во сообраќајот** | Септември 2015 | Зголемена употреба на алтернативни форми на мобилност како начин за подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата |
| **21.2** | | | Организирање и спроведување на проект - кампања за зголемување на безбедноста на младите во сообраќајот насловена како **Брзината и алкохохолот – најголеми непријатели на младите во сообраќајот** | **Организирање на сообраќајно едукативни предавања во сите Средни училишта во Република Македонија** | Во текот на 2015 | Подобрување на безбедноста на младите во сообраќајот преку нивна едукација и подигање на јавната свест за нивно правилно и одговорно учество во сообраќајот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **21.3** | | | Организирање кампања за употреба на **сигурносните појаси, кациги и детски седишта** | Организирање на панел дискусија на оваа тема и реализирање на **Проект - кампања** за утврдување на реалните параметри за нивно употребување и мерки за нивна зголемена употреба | Во текот на 2015 | Зголемена употреба на опрема за пасивна безбедност |
| **21.4** | | Спроведување на едукативни и превентивни кампањи, студии, проекти, работилници и советувања. Координирани активности на Комисијата за НВО и маркетинг и Комисијата за образование. | Организирање и **спроведување кампање за неупотребата на мобилни телефони и нивното влијание врз безбедноста во сообраќајот** | Емитување на спотови, **дистрибуција на флаери** и друг едукативно - пропаганден материјал | Во текот на 2015 | Подигнување на јавната свест на граѓаните за негативното влијание на користењето на мобилните телефони врз безбедноста на сообраќајот |
| **21.5** | | | Изработка на **студија за утврдување на влијанието на употребата на психотропни суптанции ( посебно влијанието на лековите и другите медицински препарати) врз безбедноста на сообраќајот** со (партнерите) | Во рамките на оваа студија ќе се реализираат активности за укажување на **опасностите од употребата на психотропни супстанции за време на возењето,** преку кампањи и едукативни форуми а истата ќе послужи и како научна подршка за иницирање промени на ЗБПС. | Во текот на 2015 | Подобрување на безбедноста во сообраќајот преку едукативен и научен пристап |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **21.6** | | Спроведување на едукативни и превентивни кампањи, студии, проекти, работилници и советувања. Координирани активности на Комисијата за НВО и маркетинг и Комисијата за образование. | Реализација на проект за подобрување на безбедноста во сообраќајот, со посебен акцент за подобрување на безбедноста на ранливите групи учесници во сообраќакот, насловен како **„Зони на смирен сообраќај** | Организација на работилници во соработка со со МВР, МЛС, ЗЕЛС, Град Скопје , планските развојни региони и претставници на единиците на локалната самоуправа за дефинирање, утврдување и воведување на Зони на смирен сообраќај во урбани средини | Во текот на 2015 | Зголемување на безбедноста во сообраќајот на ранливите групи учесници во сообраќајот ( посебно децата и постарите лица ) |
| **21.7** | | | Спроведување на **кампања за употреба на зимски гуми** | Емитување на спотови, дистрибуција на флаери и друг едукативно - пропаганден материјал | Во текот на 2015 согласно потребите и проценките | Подобрување на безбедноста во сообраќајот преку подобрување на техничките карактеристики на возилата |
| **22.** | Во врска со точка 2.6 од НС | **Следење и поддршка во спроведување на активностите на ЕУРО-РАП и ПРИ во Македонија** | Промоција и поддршка на активности кои придонесуваат за подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата | Поддршка на процесот на евалуација на патната мрежа во Република Македонија | Во текот на 2015 | Утврдување на безбеноста на патната мрежа во Република Македонија според критериумите на ЕУРО-РАП |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **23.** | Во врска со точка 2.6 од НС | Изработка на проекти за **идентификација и отстранување на црните точки- опасни места од патната мрежа на** Република Македонија во соработка со Светска банка - Канцеларија во Скопје , Јавно претпријатие за државни патишта , научните установи идр. | Определување и отстранување на опасните сообраќајни места - црни точки од патната мрежа на Република Македонија | Изготвување на **Проект за идентификување на Црни точки – Опасни места на отворен пат и проекти за нивно одстранување** | Во текот на 2015 | Подобрување на безбедноста во сообраќајот како резултат на подобрување на патната инфраструктура |
| **24.** | Во врска со точка 1.5.1 од НС | Активности на Комисијата за обрзазование за организирање и спроведување на сообраќајно воспитна акција **„ Да ги заштитиме децата во сообраќајот„** при што како целна група ќе бидат опфатени децата од градинките и основните училишта | Поголема сообраќајна едукација на децата од 1 до 5 одделение | **Организирање на стручни предавања и изработка на пропагандно - едукативни материјали** | Септември и Октомври 2015 | Подобрување на безбедноста на децата во сообраќајот преку едукативно - воспитни активности |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **25.** | Во врска со точка 2.8. од НС | Активности на Комисијата за соработка со НВО за организација на **тркалезна маса со учество на РСБСП и граѓански организации** | Засилување на меѓусебната соработка и иницирање на заеднички проекти | Организација на тркалезна маса, **со цел иницирање на заеднички проекти и активности** | Во текот на 2015 | Зголемена соработка помеѓу РСБСП и невладините-граѓанските организации и нивно поголемо ангажирање во делот на подобрување на безбедноста на сообраќајот |
| **26.** | Во согласност со целите на НС и точката 2.10. | Координирани активности на сите Комисии на РСБСП во Одбележување на **Светскиот ден на сеќавање на жртвите од сообраќајни несреќи** | Сеќавање на жртвите во сообраќајот и пренесување на поука и порака до учесниците во сообраќајот за внимателно и одговорно однесување во сообраќајот | Организирање на стручни собири и останати масовна манифестација со директно вклучување на единици на локалната самоуправа, поголем број на институции, граѓански организации, електронски и печатени медиуми, образовни институции и верски организаци | Ноември 2015 | Зголемување на јавната свест и информираност за жртвите во сообраќајот и намалување на бројот на загинати лица од сообраќајни незгоди |
| **27.** | Во врска со точка 2.8 и 2.9 од НС | Активности на Комисијата за спроведување на Втората националната стратегија за **подршка на работата и засилување на соработката со општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата** | Координирање и зајакнување на активностите за подобрување на безбедноста на сообраќајот на локално ниво | Реализирање на заеднички кампањи и останати проекти од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата | Во текот на 2015 | Поголема ангажираност на единиците на локалната самоуправа и ОСБСП за подобрување на безбедноста на сообраќајот на локално и национално ниво |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **28.** | Во врска со точка 1.8. од НС | Активности на Комисијата за наука и Комисијата за образование за изработка, набавка и/или превод на позната светска научна и стручна литература од областа на безбедноста на сообраќајот | Континуирано следење и промоција на најновите трудови и достогнувања во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата и утврдување на можности и решенија применливи во Република Македонија | **Набавка и превод на научна и стручна литература од областа на безбедноста на сообраќајот и изготвување на предлог и достава на стручна литература до МОН за вклучување во проектот на ВРМ за превод на 1000 наслови стручна литература** | Во текот на 2015 | Проширување на достапната литература од областа на безбедноста на сообраќајот |
| **29.** | Во врска со целите од НС и точка 2.9 од НС | Активности на Комисијата за наука во изработка на **студија за утврдување на употребата на возачките книшки и влијанието на системот на казнени поени на однесувањето на возачите во сообраќајот и утврдување на можности за поголема застапеност на сообраќајната едукација во тој систем** | Анализа на законската регулатива во областа на безбедноста на сообраќајот и утврдување на можности за нејзино подобрување преку аналитички и научен пристап. | Анализа на употребата на возачките книшки и влијанието на овој систем на однесувањето на возачите во сообраќајот | Во текот на 2015 | Подобрување на безбедноста во сообраќајот преку засилување на сообраќајната едукација и јакнење на јавната свест за правилно и одговорно учество во сообраќајот на патиштата. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **30.** | Во согласност со целите на НС | Активности на РСБСП во реализација на проектот за **Унифицирање и унапредување на работата на автошколите и испитните центри** | Имплементација на повисоки стандарди за обука и едукација на кандидати за возачи и возачи почетници и унификација на работата на испитните центри | Организација на работилници и публикација и дистрибуција на видео материјали за правилна обука на кандидатите за возачи и возачи почетници | Во текот на 2015 | Подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштатра преку унификација на работата на автошколите и испитните центри и унапредување на методите и стандардите на обука на кандидатите за возачи и возачи почетници |

КОН ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА РСБСП ЗА 2015 ГОДИНА

Со цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата а со тоа и намалување на бројот на сообраќајни несреќи со фатални последици а во функција на реализација на мерките, инструментите и целите на Втората националната стратргија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата (2015 - 2020) , Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2015 година предлага кампањи, проекти, мерки и активности кои се во рамки на своите надлежности, како и проекти, мерки и активности кои се во рамките на надлежностите на Министерствата и другите државни органи, институции и организации. И тоа:

1. Засилена едукација и советодавно дејствување врз прекршителите кај кои постои можност за влијание.
2. Кампањи за подигнување на јавната свест на учесниците во сообраќајот и подигнување на етички и морални норми за почитување на сообраќајните правила и прописи, особено во поглед на ранливите категории учесници во сообраќајот, како и кампањи за користење на сигурносни појаси, задолжително носење на кациги, заштитни шлемови за велосипедистите, употреба на посебни детски седишта и др.
3. Сите надлежни институции да вршат постојани консултации и размена на меѓусебни искуства и информации ( all involved stakeholders), и постојана анализа на сообраќајните несреќи.
4. Засилена соработката помеѓу единиците на локалната самоуправа, МВР и Министерството за образование и наука во насока на остварување на поголема грижа за безбедноста на ранливите групи, особено децата, старите и изнемоштени лица, инвалидите и другите категории.
5. Единиците на локалнта самоуправа посеопфатно да ги применуваат своите надлежности во сообраќајот на патиштата, особено во однос на заштита на загрозените групи на учесници во сообраќајот.
6. Соодветно одржување на хоризонталната и вертикална сигнализација на улиците и патиштата што се во надлежност на единиците на локалната самоуправа, особено редовно обележување на пешачки премини и санација на избледените пешачки премини.
7. Осветлување на пешачките премини и критичните делници на улиците и локалните патишта кои се во надлежност на едниците на локалната самоуправа.
8. Интензивира отстранувањето на хаварисани возила од јавните површини, особено на возилата што го попречуваат сообраќајот, како и планирањето и обезбедувањето на поголем број на паркинг простор.

9. Единиците на локалната самоуправа да го интензивираат формирање на училишни сообраќајни единици.

10. Да се разггледа можноста за засилување на капацитетите на единиците на локалнта самоуправа во насока на редефинирање и целосно подобрување на просторно-урбанистичките сообраќајни решенија.

11. Да се разгледа можноста единиците на локалната самоуправа да пристапат кон поинтензивна изградба и одбележување на велосипедски патеки, како и тротоари кои ќе ги задоволуваат безбедносните потреби на пешаците.

12. Да се интензивираат активностите на единиците на локалната самоуправа за поинтензивна изградба на заштитна инфраструктура на улиците и локалните патишта (огради) на критичните делови.

13. Да се интензивираат активностите на единиците на локалната самоуправа за воведување на 'Зони на смирен сообраќај"

14. Зголемување на активностите на МВР во насока на репресивност кон учесниците во сообраќајот во населените места

15. Заострување на законската регулатива за одземање на возачката дозвола.

16. Да се отпочне со изведба на заштитен простор за движење на пешаците и велосипедистите на регионалните и магистралните патишта.

17. Да се разгледа можноста за забрана за пушење во сите видови на возила за возачите и патниците.

18. На сите видови патишта да се изврши поинтензивно обележување на опасните места, односно таканаречените "црни точки " и други места каде се зачестени сообраќјни несреќи со фатални последици и тоа со згусната и повеќевидлива хоризионтална и вертикална сигнализација.

19. Воведување на нови посовремени софтверски решенија, кои ќе овозможат посеопфатна и подлабока евиденција и анализа на сообраќајните незгоди, согласно европските и светските искуства, а што ќе овозможи поквалитетна анализа на состојбите во сообраќајот на патиштата и преземање на превентивни мерки од страна на сите надлежни институции.

20. Да се поттикнат на поголема општествена одговорност компаниите во реализација и примена на проекти, мерки и активности кои имаат влијание на безбедноста на сообраќајот на локално и државно ниво.